**Влада на Република Северна Македонија**

Бр. 41-6590/__
Скопје, 30 јули 2024 година

До
Претседателот на Собранието
на Република Северна Македонија
Скопје

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија Ви поднесува Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 30 јули 2024 година.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Игор Филков, министер за правда и Ален Дербан, заменик на министерот за правда, а за повереник Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда.

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија

проф. д-р Христијан Мицкоски

Подготвил: Христијан Николов, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска/Никола Пасков, рак. на одделение
Контролирал: м-р Стојанчо Радичевски/Jetmira Maliqi, пом. рак. на сектор
Согласен: Снежана М.Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: Игор Јанушев, генерален секретар на Владата

Предлагач:
Влада на Република Северна Македонија

Претставници:

Игор Филков, министер за правда и

Ален Деребан, заменик на министерот за правда

Повереник:

Петар Мирковиќ, државен советник во Министерството за правда

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош, по скратена постапка

Скопје, јули 2024 година

В О В Е Д

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за бесплатна правна помош („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), во членот 13 став 5 се уреди правото на лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош, да бидат ослободени од трошоците за вештачење.

Вештачењето, според Законот беше доверено да го врши Бирото за судски вештачења како орган во состав на Министерството за правда, а во согласност со Законот за вештачење („Службен весник на Република Македонија“ бр.15/10, 12/14. 43/14, 148/15 и 64/18).

Во 2023 година, Собранието на Република Северна Македонија донесе нов Закон за вештачење („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.154/2023). Со новиот закон Бирото за судски вештачења се трансформираше во Биро за процена. Од 29 јули 2023 година, Бирото престана да врши вештачења. Со ова се оствари една од мерките предвидени во Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017–2022, а се однесуваше на деетатизација на системот на судско вештачење. Трансформацијата се официјализираше со последните изменувања и дополнувања на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.121/2024).

За бесплатната правна помош значаен е членот 29 од Законот за вештачење од 2023 кој ги уредува наградата и надоместокот на вештаците. Според овој член, вештачењата извршени во предмети од бесплатна правна помош се наплатуваат со намален износ, односно во висина за 40% пониска од пропишаната. Членот 29 уредува и дека Министерството за правда ги надоместува овие трошоци.

Сепак, оваа одредба сама по себе е неприменлива без претходна интервенција во Законот за бесплатна правна помош. Ова пред се од причина што самиот закон упатува на Бирото како давател на оваа услуга и предвидува можност вештачењето да го вршат физички и правни лица. Одредбата од член 13 став 6 од важечкиот Закон за бесплатна правна помош е исклучива. Вештачењата за потребите на лицата на кои им е одобрена секундарна правна помош се обезбедуваат само преку Бирото за судски вештачења.

Имајќи предвид дека овој орган веќе не постои, корисниците на секундарната правна помош се оставени без пристап до услугите од вешто лице. Во практиката оваа празнина може да има особено тешки последици во однос на лицата затоа што вештачењата се особено важно доказно средство во граѓанските постапки кое согласно член 235 од Законот за парничната постапка по правило се поднесува со тужбата или со одговорот за тужбата. Поради ова, неопходно е да се изврши усогласување на Законот за бесплатна правна помош со Законот за вештачење.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Законот се заснова врз истите начела како и досегашниот закон.

III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Донесувањето на Предлогот на закон нема да предизвика дополнителни фискални импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со оглед на тоа што не е во прашање сложен и обемен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за бесплатна правна помош

Член 1

Во Законот за бесплатна правна помош (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19) во член 13 во ставот (6) зборовите „преку Бирото за судски вештачења“ се заменуваат со зборовите „субјекти кои вршат вештачење согласно закон“.

Член 2

По членот 34 се додава нова точка 3, три нови наслови и три нови члена 34-а, 34-б и 34-в

“3. Субјекти кои вршат вештачење во постапката за секундарна правна помош

Избор на субјекти кои вршат вештачење

Член 34 - а

(1) Вештачењето за потребите на корисниците на секундарната правна помош го вршат субјектите од член 13 став (6) од овој закон од соодветна област кое што е неопходно за правното прашање за кое е одобрена секундарната правна помош.
(2) Изборот односно определувањето на субјектите од став (1) на овој член кои ќе го вршат вештачењето се врши согласно законите со кои се уредуваат постапките во кои ќе биде користено како доказно средство.

Обврски и одговорности на субјектите кои вршат вештачење

Член 34- б

(1) Субјектите од член 13 став (6) од овој закон за потребите на корисниците на секундарната правна помош вршат вештачење согласно закон, при што се должни да соработуваат со корисникот и назначениот адвокат.
(2) Субјектите од став (1) на овој член се должни вештачењето да го вршат единствено за правната работа конкретно наведена во потврдата или решението со кое е одобрена секундарна правната помош.
(3) Заради остварување на обврската од став (2) на овој член, корисникот или адвокатот во прилог на барањето за вештачење доставуваат и копија од потврдата или решението со кое е одобрена секундарна правна помош.
(4) За сите прашања кои не се уредени со овој закон се применуваат законите со кои се уредуваат вршењето на вештачењето и постапките во кои се користи како доказно средство како и актите на Комората за вештаци.

Постапка за исплата на награда и надоместок на субјектите кои вршат вештачење

Член 34 - в

(1) За извршено вештачење или супервештачење согласно одредбите од овој закон, субјектите од член 13 став (6) од овој закон имаат право на награда и право на надоместок за реално направените трошоци во висина утврдена со закон.
(2) Наградата и надоместокот од став (1) на овој член се пресметуваат врз основа на трошковник кој субјектите од став (1) на овој член го доставуваат до Министерството за правда, а согласно Тарифникот кој се однесува на наградите и надоместокот за вештаците донесен од страна на Комората за вештаци.

(3) Формата и содржината на образецот на трошковникот од став (2) на овој член ги пропишува министерот за правда.
(4) Министерството во рок од 30 дена од денот на приемот на трошковникот од став (3) на овој член, врши проверка на трошковникот и донесува решение со кое се одобрува или не се одобрува исплата на наградата и надоместокот од став (1) на овој член.
(5) Доколку Министерството оцени дека се потребни дополнителни податоци за донесување на решението од ставот (4) на овој член, во рок од седум дена од денот на прием на трошковникот ќе побара дополнителни податоци од субјектот кој го вршел вештачењето.
(6) Барањето за дополнителни податоци од страна на Министерството од ставот (5) на овој член, го прекинува рокот предвиден во ставот (4) на овој член.
(7) Доколку субјектот кој го вршел вештачењето во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за дополнителни податоци од ставот (5) на овој член, не ги достави истите, рокот за Министерството предвиден во ставот (4) на овој член, продолжува да тече и во тој рок Министерството ќе донесе решение со кое се одобрува или не се одобрува исплатата на наградата на субјектот кој го вршел вештачењето согласно доставениот трошковник.
(8) Решението од ставот (7) на овој член, се доставува до субјектот кој го вршел вештачењето.
(9) Министерството со решение ќе одбие да му го исплати на субјектот кој го вршел вештачењето целосно или делумно надоместокот за дадената секундарна правна помош во конкретниот случај, ако при увид или проверка на трошковникот се утврди дека субјектот кој го вршел вештачењето не ги исполнил своите обврски и одговорности согласно закон.
(10) Против решението од ставовите (7) и (9) на овој член, субјектот кој го вршел вештачењето може да поведе управен спор пред надлежен суд.“

Член 3

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со членот 1 од Предлогот на закон се менува членот 13 став 6 од Законот за бесплатна правна помош на начин што се определува дека наместо Бирото за судски вештачења, вештачењата за потребите на корисниците на секундарната правна помош ќе ги вршат физички лица запишани во Регистарот за вештаци или правни лица запишани во Регистарот на правни лица што вршат вештачење. Употребата формулација е во согласност со Законот за вештачење и таа меѓу другото ги вклучува и високообразовните, научните и стручните установи како и органите на државна управа врз основа на овластувања утврдени со закон.

Со членот 2 од Предлогот на закон се додава ново поглавје во Глава IV каде се уредуваат правата и обврски на учесниците во постапката за секундарна правна помош. Поглавјето со три нови членови (чл. 34-а, 34-б и 34-в) ја уредува подетално положбата, правата и обврските на вештаците. Со членот 34а се врши јасно определување дека вештакот мора да биде од соодветната област која што е неопходна за решавање на правното прашање за кое е одобрена секундарната правна помош. Во истиот член се определува дека изборот на вештакот се врши согласно процесните закони. Во членот 34б се воспоставува обврска за соработка со корисникот како и со назначениот адвокат. Дополнително се воспоставува обврска вештачењето, независно од која област се врши, да биде исклучиво за потребите на правното прашање за кое е одобрена секундарна правна помош. За прашањата поврзани со одговорноста, откажувањето, одбивањето да се вештаци се применуваат релевантните закони како и актите на Комората на вештаци. Со членот 34в се уредува постапката за исплата со што, како материјална одредба се применува членот 29 став 5 од Законот за вештачење кој ја уредува висината на наградата и надоместокот на трошоците. За да се избегне оптоварување на текстот во случаите кога се неопходни дополнителни податоци или пак ќе се одбие исплата, се предлага примена mutatis mutandi на одредбите од член 34 со кои се уредува постапката во контекст на адвокатите.

Со членот 3 се уредува обврска на Министерството за правда да го пропише трошковникот утврден во членот 2.

Со членот 4 се уредува дека законот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани и како такви прават правна целина и се применливи.
Одредбите од овој Закон имаат директна поврзаност со одредбите од Закон за вештачење.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените измени и дополнувања во законот се овозможува усогласување на Законот за бесплатна правна помош со Законот за вештачење.

ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ КОИ СЕ МЕНУВААТ ИЛИ ДОПОЛНУВААТ

Член 13

Општи одредби

(1) Секундарна правна помош се одобрува на лице кое има потреба од стручна правна помош од адвокат за конкретна правна работа и кое не е во можност да ги плати трошоците на постапката заради неговата финансиска состојба и чие барање е оправдано.

(2) Секундарна правна помош опфаќа застапување во постапка пред суд, државен орган, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија, Фондот за здравствено осигурување на Северна Македонија и лица кои вршат јавни овластувања согласно член 14 од овој закон, како и ослободување од трошоците согласно одредбите предвидени со овој и друг закон.

(3) Во постапката за секундарна правна помош Министерството соработува со Адвокатската комора на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Адвокатска комора), правосудните органи, како и со центарот за социјална работа, државните органи и другите надлежни институции кои согласно закон се должни без никаков надомест до Министерството да ги достават потребните податоци за обезбедување на секундарна правна помош при што податоците се доставуваат согласно прописите за заштита на личните податоци.

(4) Овластеното службено лице за секое поединечно поднесено барање за секундарна правна помош донесува потврда со која барањето се одобрува или донесува акт како јавна информација со кој се известува барателот (во натамошниот текст: известувањето) дека барањето се одбива.

(5) Со потврдата со која се одобрува секундарна правна помош се:

- овластува назначениот адвокат за давање на секундарна правна помош,

- ослободува корисникот од судски такси и трошоци поврзани со постапката пред суд согласно закон,

- ослободува корисникот од трошоците за вештачењето и

- ослободува корисникот од административни такси.

(6) Вештачењето од став (5) алинеја 3 на овој член, се обезбедува преку Бирото за судски вештачења согласно Законот за вештачење.

(7) Трошоците за обезбедувањето на секундарна правна помош согласно постапките предвидени со овој закон се обезбедуваат од средствата на Буџетот на Министерството.

(8) Доколку корисникот на секундарна правна помош успее во спорот и судот ја задолжи спротивната страна да ги надомести трошоците на постапката целосно или делумно согласно одредбите од законот кои ја уредуваат судската постапка, во тој случај судот во изреката на судската одлука ќе ја задолжи спротивната странка износот на

трошоците на постапката да ги уплати на сметката на Буџетот на Република Северна Македонија.

(9) Доверител за наплата на трошоците во постапката за извршување од став (8) на овој член согласно Законот за извршување е Република Северна Македонија.

(10) Бесплатната правна помош согласно овој закон не ги опфаќа трошоците кои корисникот на бесплатна правна помош е должен да ги надомести ако не успее во парничната постапка.

(11) Секундарна правна помош ги опфаќа оние трошоци на постапката што настанале по денот на одобрувањето на барањето за доделување на бесплатна правна помош.